**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Сектор за управување со јавен долг**

**МЕСЕЧНА ПУБЛИКАЦИЈА**
**Број 01 - Април 2006**



# ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

***Содржина во овој број:***


1. Вовед во пазарот на државни хартии од вредност

2. Настани кои го одбележаа финансискиот пазар минатиот период
   - Воведување на државни записи за монетарни цели
   - Петта емисија на обврзницата за денационализација

3. Пазар на државни хартии од вредност
   - примарен пазар
   - секундарен пазар

4. Календар на аукции втор и трет квартал 2006

5. Овластени директни учесници (податоци, контакти и провизии)

## 1. ВОВЕД ВО ПАЗАРОТ НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

Државни хартии од вредност претставуваат безризични краткорочни (државни записи) или долгорочни хартии од вредност (државни обврзници) кои ги издава Министерството за финансии во име на Владата на Република Македонија.

Тие од своја страна се делат на континуирани и структурни хартии од вредност.

Структурните хартии од вредност се појавуваат во процесот на трансформација на Република Македонија кон пазарно стопанство. Република Македонија до 30.04.2006 година има издадено вкупно пет структурни обврзници

- Обврзница за санација на Стопанска банка АД Скопје, каде Агенцијата за санација на банки во 1995 година издаде обврзница за санација на Стопанска банка
- Обврзница за селективни кредити – издадена во процесот на санација на банкарскиот сектор за надоместување на селективните кредити на НБРМ што се пребиваат со износот на дел од ненаплатливите побарувања кај НБРМ
- Обврзница за приватизација на Стопанска банка – издадена при процесот на приватизација на Стопанска банка АД Скопје. Со оваа обврзница државата ги презема ненаплатените побарувања на четири македонски претпријатија од портфолиото на Стопанска банка
- Обврзница за старо девизно штедење – издадена како надоместок за лицата кои имаа заробени девизни депозити во банките во Република Македонија пред нејзиното осамостојување
- Обврзници за денационализација – издадени како надоместок за имотот кој во периодот од 1945 до 1990 година беше национализиран од страна на СФРЈ. Република Македонија ќе изврши вкупно шест емисии на обврзници за денационализација, односно по една во текот на секоја година. Првата емисија е објавена во 2002 година и заклучно со март 2006 година се извршени вкупно пет емисии.

Обврзниците за старо девизно штедење и Обврзниците за денационализација котираат на А.Д Македонска берза и со истите се тргува.

### Континуирани хартии од вредност

#### *Примарен пазар*

Согледувајќи ја потребата од развој на финансискиот пазар Владата на Република Македонија во 2003 година усвои Стратегија за развој на пазарот за државни хартии од вредност. Како резултат на едногодишната подготовка Министерството за финансии ја изврши првата емисија на државна хартија од вредност во јануари 2004 година со емисија на 3 месечни државни записи. Поради големиот интерес од страна на инвеститорите кон овој нов безризичен инструмент на пазарот, набргу се промовираше 6 месечен запис, а овој тренд продолжи и во 2005 година кога беше промовирана првата 12 месечна хартија од вредност, а потоа и 2 годишната обврзница. По овој краток експанзивен развој, Министерството за финансии воспостави пракса во рамките на еден месец да има 2 редовни аукции на 3 месечни записи и една редовна аукција на 6 месечни записи. Останатите инструменти се на редовна основа но нивното издавање попрецизно се дефинира во Календарот, кој се дефинира и покрива период од 6 месеци. Календарот се објавува во јавните гласила, кај овластените директни учесници (банките) и е јавно достапен на web–страната на Министерството за финансии (www.finance.gov.mk).

Министерството за финансии го избра и го спроведува аукцискиот механизам на продажба на државни хартии од вредност, како најтранспарентен начин на продажба. Во споредба со останатите техники, аукциската продажба е најпазарен начин за минимизирање на трошоците за финансирање на буџетскиот дефицит. Предноста произлегува од конкуренцијата меѓу одреден број на учесници кои настојуваат да добијат дел од ограничената понуда на државни хартии од вредност. Аукцискиот механизам од своја страна може да се врши преку повеќе видови на тендери, но во праксата најчесто употребуван тип на тендер е тендерот со каматни стапки и тоа тендерот на повеќекратни цени (американски тип). Кај овој тип на аукцирање, успешниот учесник на аукцијата ја плаќа понудената цена. Освен овој тип на аукцирање во пракса Министерството за финансии може да го примени и тендерот со униформна цена (холандски тип), кај кој за разлика од американскиот тип на аукцирање успешните учесници плаќаат иста цена која е еднаква на најниската успешна цена.

Учесници на пазарот на државни хартии од вредност се од една страна Министерството за финансии како издавач и овластените директни и индиректни учесници од друга страна.

Овластен директен учесник на пазарот на државни хартии од вредност се сите банки во Република Македонија, кои можат да купуваат и продаваат државни хартии од вредност за своја сметка и за сметка на индиректните учесници.

Индиректни учесници се сите домашни и странски правни и физички лица кои можат да купуваат држав-

ни хартии од вредност преку овластените директни учесници. Постапката за емисија на државни хартии од вредност е регулиран во Правилникот за начин и постапка на издавање и исплата на државни хартии од вредност (Службен весник на РМ бр. 99/2005)

### Секундарен пазар

Постојната регулатива за секундарно тргување во Република Македонија овозможува тргување до долгорочни и краткорочни хартии од вредност на Македонска берза А.Д, како и тргување со хартии од вредност на пазарот на пари и пазарот преку шалтер.

Постапката за тргување на пазарот преку шалтер е подетално елаборирана во Правилник за начинот и постапка за тргување и порамнување на трансакциите со хартии од вредност на пазарот преку шалтер (Службен весник на РМ бр. 24/2005) кој е објавен на web страните на Министерство за финансии и НБРМ. За тргувањето на пазарот преку шалтер моментно не се наплаќаат трансакциони трошоци, бидејќи ниту НБРМ, ниту Централниот депозитар не наплатува провизија за нивните услуги. Дополнителна предност на овој пазар е што порамнувањето се врши во реално време односно веднаш по склучувањето на трансакцијата. Во моментов се тргува само со државни записи, но наскоро ќе почне да се тргува и со континуирани државни обврзници.

## 2. НАСТАНИ КОИ ГО ОДБЕЛЕЖАА ФИНАНСИСКИОТ ПАЗАР ИЗМИНАТИОТ ПЕРИОД

### Воведување на државни записи за монетарни цели

Покрај емисијата на државни хартии од вредност за фискални цели, Министерството за финансии од март 2006 година започна со емисија на државни хартии од вредност за монетарни цели. Основниот мотив за ваквата активност се согледува преку интенцијата постепено да се укине пазарната сегментација меѓу благајничките записи на Народната банка и државните записи на Министерството за финансии да се создаде хомоген пазар на државни хартии од вредност преку кој НБРМ ќе биде во можност подобро да ги следи пазарните сигнали на учесниците и да го зајакне својот трансмисионен механизам, истовремено зголемувајќи ја респонзивноста на банките на активностите преземени од страна на монетарните власти.

Целта на оваа новина е да се поддржи развојот на пазарот на државни хартии од вредност, во функција на намалување на структурниот вишок на ликвидност за ефикасно спроведување на монетарната политика со примена на пазарни инструменти.

Државните записи за монетарни цели се емитуваат на редовните аукции на државни хартии од вредност, на тој начин што при секоја аукција се објавува делот од износот на емисијата кој се користи за монетарни цели и делот кој што е наменет за целите на фискалната политика. Тие ги имаат истите карактеристики како и редовните државни записи, со единствена разлика што прибраните средства од ваквите емисии ќе бидат стерилизирани на посебна сметка на НБРМ. Каматниот трошок го покрива НБРМ.

Согласно договорот меѓу НБРМ и Министерството за финансии во периодот март и април 2006 година се изврши конверзија на 3 милијарди денари од благајнички записи во тримесечни државни записи за целите на монетарната политика. Како резултат на тоа во овој период се забележува зголемување на учеството на тримесечните записи во вкупните државни хартии од вредност. По овој транзиционен период за имплементација на овој проект Министерството за финансии продолжува со политиката на зголемување на рочноста на континуираните државни хартии од вредност.

### V-та емисија на обврзници за денационализација

На 13 март 2006 година се изврши петтата емисија на обврзниците за денационализација. Вкупниот износ на овие обврзници е 34 милиони евра, а се опфатени сите правосилни решенија за денационализација до 31.12.2005 во кои како надомест се даваат обврзници. Согласно Законот за издавање на обврзници за денационализација, Република Македонија во период од шест години ќе врши еднаш годишно по една емисија на обврзници за денационализација, а Владата на Република Македонија со одлука еднаш годишно ќе го утврдува износот на обврзниците за денационализација кои се издаваат.

Обврзниците за денационализација гласат на име и во ЕВРО валута и се неограничено преносливи. Номиналната вредност на една обврзница е 1 евро Каматата и номиналната вредност на обврзниците пристигнуваат за исплата на 1 јуни, а исплатата започнува на 1 јуни 2007 година.

По усвојувањето на барањето за котација на официјалниот пазар, со обврзниците од 16 март се тргува на секундарниот пазар на Македонската берза АД Скопје. Тргувањето на обврзниците што котираат на Македонската берза АД Скопје се врши врз основа на пазарна цена. Плаќањето по извршеното купување на обврзниците на секундарниот пазар се изврши по цената по која се тргувало на берзата зголемена за периодот од последната исплата на камата се до денот на трансакцијата.

## 3. ПАЗАР НА ДРЖАВНИ ХАРТИИ ОД ВРЕДНОСТ

### Примарен пазар

| Резултати од аукции на ДХВ за март 2006 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | 3 месеци | | 6 месеци | 12 месеци |
| | DZ2006/05-91 | DZ2006/06-91 | DZ2006/03-182 | DZ2006/01-364 |
| ISIN код | MKMINFDZ 6050 | MKMINFDZ 6068 | MKMINFDS 6034 | MKMINFDY 6010 |
| Денови на достасување | 91 | 91 | 182 | 364 |
| Дата на аукција | 07.03.2006 | 21.03.2006 | 07.03.2006 | 21.03.2006 |
| Дата на достасување | 07.06.2006 | 21.06.2006 | 06.09.2006 | 21.03.2007 |
| Максимална каматна стапка | 7,38 | 6,99 | 8,09 | 9,14 |
| Минимална каматна стапка | 6,25 | 6,00 | 6,90 | 7,50 |
| Просечна каматна стапка | 7,12 | 6,57 | 7,28 | 8,62 |
| Просечна цена | 98,2322 | 98,3672 | 96,4489 | 91,9805 |
| Понуда | 650.000.000 | 1.100.000.000 | 300.000.000 | 350.000.000 |
| Побарувачка | 915.540.000 | 1.677.430.000 | 572.260.000 | 461.320.000 |
| Реализација | 650.000.000 | 1.100.000.000 | 300.000.000 | 350.000.000 |
| Bid to cover ratio* | 1,41 | 1,52 | 1,91 | 1,32 |
| Доставени понуди | 65 | 97 | 36 | 24 |
| Прифатени понуди | 54 | 34 | 11 | 17 |
| **Резултати од аукции на ДХВ за април 2006** | | | | |
| | 3 месеци | | 6 месеци | 2 години |
| | DZ2006/07-91 | DZ2006/08-91 | DZ2006/04-182 | DO2006/01-0508 |
| ISIN код | MKMINFDZ 6076 | MKMINFDZ 6084 | MKMINFDS 6042 | MKMINF 20G028 |
| Денови – години на достасување | 91 | 91 | 183 | 2 |
| Дата на аукција | 11.04.2006 | 25.04.2006 | 11.04.2006 | 27.04.2006 |
| Дата на достасување | 12.07.2006 | 26.07.2006 | 12.10.2006 | 03.05.2008 |
| Максимална каматна стапка | 7,05 | 6,95 | 7,79 | 10,00 |
| Минимална каматна стапка | 6,00 | 6,00 | 6,00 | 8,90 |
| Просечна каматна стапка | 6,49 | 6,40 | 6,84 | 9,44 |
| Просечна цена | 98,3863 | 98,4092 | 96,6388 | 99,235 |
| Понуда | 1.350.000.000 | 1.319.830.000 | 500.000.000 | 250.000.000 |
| Побарувачка | 1.030.170.000 | 1.768.460.000 | 66.430.000 | 307.460.000 |
| Реализација | 1.030.170.000 | 1.319.830.000 | 66.430.000 | 350.000.000 |
| Bid to cover ratio* | 0,76 | 1,34 | 0,13 | 1,23 |
| Доставени понуди | 73 | 97 | 18 | 26 |
| Прифатени понуди | 60 | 34 | 18 | 22 |

* овој коефициент ја прикажува покриеноста на реализацијата со побарувачката

Извор: Министерство за финансии




Извор: Министерство за финансии

**Државни хартии од вредност по рочност гледано од денот на издавање, март 2006**




Извор: Министерство за финансии

**Сопственичка структура на државните хартии од вредност, март 2006**




Извор: Министерство за финансии

**Државни хартии од вредност по рочност гледано од денот на издавање, април 2006**




Извор: Министерство за финансии

**Сопственичка структура на државните хартии од вредност, април 2006**




Извор: Министерство за финансии

Состојбата на досега издадените државни хартии од вредност заклучно со април 2006 година изнесува 7.741.670.000 денари, од кои 3 милијарди се за монетарни цели, а останатиот дел се за фискални цели и тоа:

| Рочност на ДХВ | 3 месеци | 6 месеци | 12 месеци | 2 години | 5 години |
|---|---|---|---|---|---|
| Состојба на ДХВ во денари | 1.882.780.000 | 1.192.870.000 | 600.000.000 | 350.020.000 | 716.000.000 |

**Побарувачка и реализација на ДХВ на аукциите Јан-Апр 2006**




Извор: Министерство за финансии

## Секундарен пазар

### Склучени трансакции на пазарот преку шалтер

| Дата на склучување | ISIN | Број на денови на достасување | Номинален износ | Цена | Принос до достасување |
|---|---|---|---|---|---|
| | | Тргување со 3 месечни државни записи | | | |
| 18.05.2005 | MKMINFDZ5078 | 49 | 1.150.000 | 98,6320 | 10,19 |
| 06.06.2005 | MKMINFDZ5086 | 44 | 1.020.000 | 98,6734 | 11,00 |
| 09.06.2005 | MKMINFDZ5086 | 41 | 50.000 | 98,8739 | 10,00 |
| 13.06.2005 | MKMINFDZ5086 | 37 | 50.000 | 98,8739 | 11,08 |
| 23.06.2005 | MKMINFDZ5218 | 90 | 250.000 | 97,3186 | 11,02 |
| 30.06.2005 | MKMINFDZ5102 | 55 | 10.000 | 98,4952 | 10,00 |
| 05.07.2005 | MKMINFDZ5102 | 50 | 8.780.000 | 98,5222 | 10,80 |
| 06.07.2005 | MKMINFDZ5110 | 63 | 10.000.000 | 98,1282 | 10,90 |
| 13.07.2005 | MKMINFDZ5086 | 7 | 60.000.000 | 99,7866 | 11,00 |
| 27.07.2005 | MKMINFDZ5102 | 28 | 10.000 | 98,4952 | 19,64 |
| 11.08.2005 | MKMINFDZ5151 | 90 | 660.000 | 97,3330 | 10,96 |
| 25.08.2005 | MKMINFDZ5169 | 90 | 1.540.000 | 97,3710 | 10,80 |
| 29.08.2005 | MKMINFDZ5218 | 23 | 33.370.000 | 99,3021 | 11,00 |
| 29.08.2005 | MKMINFDZ5144 | 51 | 60.000.000 | 98,5068 | 10,70 |
| 07.09.2005 | MKMINFDZ5144 | 42 | 2.320.000 | 98,3929 | 14,00 |
| 12.09.2005 | MKMINFDZ5144 | 37 | 10.000.000 | 98,8821 | 10,99 |
| 31.10.2005 | MKMINFDZ5169 | 23 | 1.000.000 | 99,3273 | 10,60 |
| 09.11.2005 | MKMINFDZ5177 | 28 | 3.000.000 | 99,1984 | 10,39 |
| 18.11.2005 | MKMINFDZ5169 | 5 | 2.000.000 | 99,8558 | 10,40 |
| 31.01.2006 | MKMINFDZ6019 | 71 | 1.110.000 | 98,638 | 27,00 |
| 31.01.2006 | MKMINFDZ6027 | 85 | 630.000 | 98,374 | 17,00 |
| 02.02.2006 | MKMINFDZ6027 | 83 | 180.000 | 98,411 | 77,00 |
| 03.02.2006 | MKMINFDZ6027 | 82 | 220.000 | 98,430 | 67,00 |
| 22.03.2006 | MKMINFDZ6050 | 77 | 5.100.000 | 98,379 | 77,70 |
| 28.03.2006 | MKMINFDZ6068 | 85 | 300.000 | 98,3370 | 7,16 |
| 30.03.2006 | MKMINFDZ6019 | 13 | 1.400.000 | 99,7365 | 7,32 |
| 03.04.2006 | MKMINFDZ6050 | 65 | 4.900.000 | 98,5060 | 8,40 |
| 21.04.2006 | MKMINFDZ6050 | 47 | 1.000.000 | 98,7724 | 9,52 |
| 28.04.2006 | MKMINFDZ6084 | 89 | 660000 | 983730 | 6,69 |
| | | Тргување со 6 месечни државни записи | | | |
| 14.02.2006 | MKMINFDS5093 | 22 | 1.200.000 | 99,4832 | 8,50 |
| 20.02.2006 | MKMINFDS5093 | 16 | 4.000.000 | 99,6236 | 8,50 |
| 03.03.2006 | MKMINFDS5093 | 5 | 1.000.000 | 99,8959 | 7,50 |

Извор: НБРМ

## 4. КАЛЕНДАР НА АУКЦИИ ЗА ВТОР И ТРЕТ КВАРТАЛ ВО 2006

| Квартал | Месец | Ознака на аукција | Датум на аукција | Датум на емисија | Датум на достасување | Денови-години на достасување |
|---|---|---|---|---|---|---|
| II | април | DZ2006/07-91 | 11/04/06 | 12/04/06 | 12/07/06 | 91 |
| | | DZ2006/04-183 | 11/04/06 | 12/04/06 | 12/10/06 | 183 |
| | | DZ2006/08-91 | 25/04/06 | 26/04/06 | 26/07/06 | 91 |
| | | DO2006/01-0508 | 27/04/06 | 03/05/06 | 03/05/08 | 02 |
| | мај | DZ2006/09-91 | 09/05/06 | 10/05/06 | 09/08/06 | 91 |
| | | DZ2006/05-182 | 09/05/06 | 10/05/06 | 08/11/06 | 182 |
| | | DZ2006/10-91 | 23/05/06 | 24/05/06 | 23/08/06 | 91 |
| | јуни | DZ2006/11-91 | 06/06/06 | 07/06/06 | 06/09/06 | 91 |
| | | DZ2006/06-182 | 06/06/06 | 07/06/06 | 06/12/06 | 182 |
| | | DZ2006/12-91 | 20/06/06 | 21/06/06 | 20/09/06 | 91 |
| | | DZ2006/02-364 | 20/06/06 | 21/06/07 | 20/06/07 | 364 |
| III | јули | DZ2006/13-92 | 11/07/06 | 12/07/06 | 12/10/06 | 92 |
| | | DZ2006/07-182 | 11/07/06 | 12/07/06 | 10/01/07 | 182 |
| | | DZ2006/14-91 | 25/07/06 | 26/07/06 | 25/10/06 | 91 |
| | август | DZ2006/15-91 | 08/08/06 | 09/08/06 | 08/11/06 | 91 |
| | | DZ2006/08-182 | 08/08/06 | 09/08/06 | 07/02/07 | 182 |
| | | DZ2006/16-91 | 22/08/06 | 23/08/06 | 22/11/06 | 91 |
| | септември | DZ2006/17-91 | 05/09/06 | 06/09/06 | 06/12/06 | 91 |
| | | DZ2006/09-182 | 05/09/06 | 06/09/06 | 07/03/07 | 182 |
| | | DZ2006/18-91 | 19/09/06 | 20/09/06 | 20/12/06 | 91 |
| | | DZ2006/03-364 | 19/09/06 | 20/09/06 | 19/09/07 | 364 |

Извор: Министерство за финансии

## 5. ОВЛАСТЕНИ ДИРЕКТНИ УЧЕСНИЦИ

(податоци, контакти и провизии)

| Назив | Адреса | Телефакс | Тел. број | Номинален износ | Провизија за државни записи–успешна понуда* | Провизија за државни обврзници –успешна понуда | Провизија за неуспешна понуда |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Алфа банка АД Скопје | Даме Груев 1 | 3116–830<br>3135–206 | 3116–433 | Било кој износ | 0,10%<br>(мин. 150 ден.) | 0,10%<br>(мин. 150 ден.) | |
| Еуростандард банка АД Скопје | Васил Главинов 12/2 | 3224–095 | 3228–444 | Било кој износ | 0,12%<br>(мин. 300 ден.) | 0,12%<br>(мин. 300 ден.) | 300 ден. |
| Инвестбанка АД Скопје | Македонија 9/11 | 3135–367 | 3114–166 | | | | |
| Инвестбанка АД Скопје (за тримесечни државни записи) | | | | 10,000–50,000 ден<br>60,000–100,000 ден<br>110,000–500,000 ден.<br>510,000–1,000,000 ден.<br>1,010,000–5,000,000 ден.<br>5,010,000–10,000,000 ден.<br>Над 10,010,000 ден. | 200 ден. фиксно<br>500 ден. Фиксно<br>1,000 ден. Фиксно<br>1,500 ден. фиксно<br>0,14% (мин. 1,500 ден.)<br>0,12% (мин.7,000 ден)<br>0,10% (мин. 12,000 ден.) | | |
| Инвестбанка АД Скопје (за шестмесечни државни записи) | | | | 10,000–50,000 ден<br>60,000–100,000 ден<br>110,000–500,000 ден.<br>510,000–1,000,000 ден.<br>1,010,000–5,000,000 ден.<br>5,010,000–10,000,000 ден.<br>Над 10,010,000 ден. | 300 ден. фиксно<br>700 ден. фиксно<br>1,300 ден. фиксно<br>2,000 ден. фиксно<br>0,16% (мин. 2,000 ден.)<br>0,14% (мин. 8,000 ден.)<br>0,12% (мин. 14,000 ден.) | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Инвестбанка АД Скопје<br>(државни обврзници) | | | | 10,000–50,000 ден<br>60,000–100,000 ден<br>110,000–500,000ден.<br>510,000–1,000,000 ден.<br>1,010,000–5,000,000 ден.<br>5,010,000–10,000,000 ден.<br>Над 10,010,000 ден. | | 500 ден. фиксно<br>1,000 ден. фиксно<br>1,300 ден. фиксно<br>2,000 ден. фиксно<br>0,17% (мин. 2,500 ден.)<br>0,15% (мин. 7,500 ден.)<br>0,13% (мин. 15,000 ден.) | |
| Интернационална приватна банка АД Скопје | 27 март 1 | 3112–830<br>3134–060 | 3119–191<br>3124–288 | До 200,000 ден.<br>Над 200,000 ден. | 200 ден. фиксно<br>0,10% | 0,10%<br>(мин. 200 ден.) | 200 ден. |
| Извозна и кредитна банка АД Скопје | Партизански одреди, 3 блок 11 | 3122–393 | 3122–207 | било кој износ | 0,12% | 0,12% | 300 ден за ДЗ и 500 ден за ДО |
| Комерцијална банка АД Скопје | Димитар Влахов 4 | 3113–494 | 3107–107<br>3111–133 | било кој износ | 0,12% (мин.300 ден.) | 0,12%<br>(мин. 300 ден.) | 300 ден. |
| Комерцијална инвести–циона банка АД Куманово | Плоштад Нова Југославија 6.6 | 031/420–061 | 031/475–100<br>031/426–455 | било кој износ | 0,12% (мин.200 ден.) | 0,15% (мин.300 ден.) | 200 ден. За ДЗ и 300 ден за ДО |
| Македонска банка АД Скопје | Бул. ВМРО, 3–12/2 | 3117–191 | 3117–111 | До 730,000 ден.<br>730,000–27,270,000<br>Над 27,270,000 ден. | 800 ден. фиксно<br>0,11%<br>30,000 ден. фиксно | | |
| Охридска банка АД Охрид | Македонски просветители 19 | 046/254–130<br>046/254–133 | 046/206–600<br>046/265–330 | Било кој износ | 0,10% | 0,10%<br>(минимум 100 ден.) | 100 ден. за ДО |
| Поштенска банка АД Скопје | Маркс Енгелс 3 | 3220–389<br>3163–054 | 3112–862<br>3163–354 | Не работи со клиенти | | | |
| ПроКредит банка АД Скопје | Бул. Јане Сандански 109/а | 3219–901 | 3219–900<br>3219–948 | Било кој износ | 0,12% (мин.300 ден.) | 0,12% (мин.300 ден.) | |
| Силекс банка АД Скопје | Градски ѕид, блок 9. локал 5 | 3114–891<br>3224–844 | 3115–288<br>3115–880 | Било кој износ | 500 ден. фиксно | 0,12% (мин. 500 ден.) | 500 ден. |
| Стопанска банка АД Битола** | Добривое Радосављевиќ 21 | 047/207–515<br>047/207–541 | 047/207–500<br>047/207–513 | Било кој износ | 0,1% (мин.200 ден.) | 0,2% | 200 ден. за ДЗ |
| Стопанска банка АД Скопје | 11 Октомври 7 | 3114–503 | 3295–295 | 10,000 ден.<br>20,000–50,000 ден.<br>60,000–500,000 ден.<br>Над 500,000 | 250 ден. фиксно<br>350 ден. фиксно<br>500 ден. фиксно<br>0,12% | 250 ден. фиксно<br>350 ден. фиксно<br>1250 ден. фиксн<br>0,25% | 250 ден. |
| Тетекс Кредитна банка АД Скопје | Народен фронт 19/а | 3236–444 | 3236–400 | До 200,000 ден.<br>Над 200,000 ден. | 200 ден. фиксно<br>0,10 % | 0,10% (мин. 200 ден.) | |
| Тетовска банка АД Тетово | Маршал Тито 14 | 044/335–274 | 044/335–280 | Било кој износ | 0,50% | 0,50% | 0,30% |
| Тутунска банка АД Скопје | 12–та Ударна бригада, 6.6 | 3105–630<br>3105–681 | 3105–601<br>3105–606 | Било кој износ | 0,12% (мин. 300 ден.) | 0,12% | 300 ден |
| Македонска банка за подр–шка на развојот АД Скопје | Вељко Влаховиќ 26 | 3239–688 | 3114–840<br>3115–844 | | | | |
| Универзална инвестициона банка АД Скопје | Максим Горки 6 | 3286–000<br>3130–448 | 3286–100 | Било кој износ | 0,12% | 0,12% | |
| Т.Ц Зираат банкаси–подружница Скопје*** | Железничка 8 | 3110–013 | 3111–337 | Било кој износ | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | 0,10% (мин.15 ЕУР максимум 400 ЕУР) | |

*Податоците се обезбедени од комерцијалните банки во република Македонија и истите подлежат на промени согласно деловната политика на банките.

** Сите банки наплатуваат провизија на номиналниот износ освен Стопанска банка АД Битола која наплатува провизија на дисконтираниот износ

*** Износите прикажани во ЕУР се пресметуваат во денарска противредност на денот на плаќање по курс на НБРМ.

## 6. КОНТАКТИ

| **Име** | **Позиција** | **Телефон** | **E-mail** |
|---|---|---|---|
| **Маја Парнарџиева** | Раководител на сектор за управување со јавен долг | 02 3106 396 | Maja.Parnargieva@finance.gov.mk |
| **Ана Стојкова** | Раководител на Front Office | 02 3106 171 | Ana.Stojkova@finance.gov.mk |
| **Сања Манасијевиќ Манчева** | Front Office | 02 3106 171 | Sanja.Manasijevic@finance.gov.mk |
| **Дарко Блажевски** | Front Office | 02 3106 293 | Darko.Blazevski@finance.gov.mk |
| **Дејан Николовски** | Front Office | 02 3106 381 | Dejan.Nikolovski@finance.gov.mk |